Факултетско студентско собрание
на Факултет за безбедност-

Бр. 03-942/1

10.12. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10, став 12 од Статутот, Факултетското студентско собрание на Факултет за безбедност – Скопје го објавува следново:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за подобрување на квалитетот на студентскиот стандард

Се охрабруваат сите редовни и вонредни студенти на Факултет за безбедност – Скопје, да се чувствуваат слободни да ги пријават сите забелешки и недостатоци, како и сите позитивни работи во врска со квалитетот на студирањето, предавањата, студиските програми, професионалноста на техничко – административниот кадар и други сегменти поврзани со остварувањето на основните права на студентите.

За таа цел, студентите можат да поднесат анонимна пријава која можат да ја достават во Кутиите наменети за пофалби, поплаки и жалби, кои пак се наоѓаат на две места во рамките на Факултет за безедност (едната кутија се наоѓа во Книжарницата на факултетот, а другата во Библиотеката).

Кутиите ќе бидат проверувани од страна на заменикот студентски правобранител, кој ќе биде избран до средината на месец декември и кој ќе се грижи за заштита на правата на студентите во случај кога истите се ограничени или прекршени.

10.12.2019

Скопје.

Претседател:

Александар Стојановиќ

Факултетско студентско собрание на Факултет за безбедност - Скопје